*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

**ПУБЛИКАЦИЈА бр. 12**
**Јануари – Февруари 2008**
# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***


***1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар во изминатиот период***

***1.1 Движења на примарниот пазар на ДХВ во Република Македонија***
***1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија***
***1.3Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење***

***1.4 Одржување на седмиот состанок на Пазарниот комитет***

***2 Пазар на државни хартии од вредност***

***2.1 Примарен пазар***
***2.2 Секундарен пазар***
***2.2.1 Македонска берза***
***2.2.2 Пазар преку шалтер***

***3 Календар на аукции за првиот семестар во 2008 година***

***4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)***

***5 Контакти***


***Февруари, 2008***

*www.finance.gov.mk*

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија

Во текот на јануари и февруари, просечната пондерирана каматна стапка кај 3-месечните државни хартии од вредност (ДХВ) бележи тренд на стабилизација со благо намалување во однос на претходните два месеци. Просечната пондерирана каматна стапка во текот на јануари изнесуваше 5,10%, додека во текот на февруари на аукцијата одржана на 05.02.2008 година се реализираше пондерирана каматна стапка од 5,04%, која на аукцијата одржана на 19.02.2008 година изнесуваше 5,06%. Пондерираната каматна стапка на 6-месечните ДХВ, во јануари изнесуваше 5,37%, а во февруари истата се намали на ниво од 5,27%. Кај 12-месечните ДХВ, пондерираната каматна стапка на аукцијата одржана во јануари изнесуваше 5,68%. На аукцијата на 2-годишната ДХВ, која се одржа во февруари, се спроведе тендер со износи и беше понудена купонската каматна стапка од 6,25%.

Доколку се направи споредбена анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ на почетокот од 2007 во однос на почетокот на 2008 година истите бележат тренд на континуирано намалување. Илустративно, просечната пондерирана каматна стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во февруари 2007 година изнесуваше 6,37% додека пак, истата постигната на аукциите во февруари 2008 година е намалена за 1,32 процентни поени. Кај 6-месечните државни записи пондерираната каматна стапка во февруари 2007 изнесуваше 6,78% и во текот на годината достигнува намалување од 1,51 процентни поени. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите рочности на ДХВ.

Движењата на понудата и побарувачката во периодот јануари - февруари се одвиваа на следниот начин:

- на првата аукција на 3-месечни ДХВ во јануари беше понуден износ од 800 милиони денари, а побарувачка изнесуваше 1.140 милиони денари, додека на последната аукцијата на 3-месечни ДХВ во истиот месец беше понуден износ од 872 милиони денари, а побарувачката изнесуваше 1.191 милиони денари. На аукцијата на 6-месечните ДХВ беа понудени 300 милиони денари, а побарувачка изнесуваше 314,42 милиони денари. Во истиот месец се одржа и аукција на 12-месечни ДХВ при што беше понуден износ од 150 милиони денари а побарувачката го достигна нивото од 72 милиони денари.
- на првата аукција на 3-месечни ДХВ во февруари беше понуден износ од 622

милиони денари, а побарувачката изнесуваше 875,06 милиони денари, додека на последната аукција во истиот месец беше понуден износ од 672 милиони денари, при што побарувачката го достигна нивото од 845,20 милиони денари. Кај 6-месечните ДХВ на аукцијата која беше реализирана во февруари беше понуден износ од 200 милиони денари, а побарувачката која беше постигната изнесуваше 251,65 милиони денари. Во текот на месец февруари се одржа и аукција на 2-годишна државна обврзница, со ознака DO2008/01-0210, која се одржа на 21.02.2008 година, и како резултат на незаинтересираност на страната на побарувачката, истата не се реализираше. На оваа аукција беше понуден износ од 300 милиони денари, побарувачката изнесуваше 0,00 денари, а со тоа и реализацијата изнесуваше 0,00 денари.

Во јануари и февруари, со исклучок на аукцијата на 12-месечни државни записи, кога понудениот износ е поголем од побарувачката, кај останатите рочности кои беа реализирани во овој период (3 и 6 месечни државни записи), побарувачката е поголема во однос на понудениот износ.

## 1.2 *Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Република Македонија*

На пазарот преку шалтер кај државните записи (ДЗ) во период јануари–февруари 2008 година, е забележано незначително тргување, односно се изврши само една трансакција со 3-месечни ДЗ во номинален износ од 1 милион денари, со просечна цена од 99,6748 и просечен принос до достасување од 4,35%. Додека пак, кај државните обврзници (ДО) во горенаведениот период не се остварени трансакции.

На Македонската берза во текот на јануари се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 861,14 илјади ЕУР, а вкупниот промет на тргување[1] со структурните обврзници изнесува 736,64 илјади ЕУР или 45 милиони денари. Просечниот принос до достасување го достигнува нивото од 7,21%.

Вкупниот обем на тргување на Македонската берза со структурни обврзници во февруари изнесуваше 731,50 илјади ЕУР, а вкупниот промет на структурните обврзници изнесува 628,80 илјади ЕУР или 38,55 милиони денари. Просечниот принос до достасување забележува ниво од 7,11%.

Во февруари обемот на тргување со структурни обврзници е помал за 129

1Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност.

милиони ЕУР во однос на обемот на тргување во јануари, а исто така и промет на тргување со структурните обврзници е помал за 107 милиони ЕУР во однос на јануари. Приносот до достасување во февруари е помал за 0,09 процентни поени споредено со истиот во февруари. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај обврзниците во февруари изнесува 8,38%, што претставува незначително намалување во однос на јануари кога истото изнесува 8.39%.

### ***1.3 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење заклучно со февруари, 2008 година.***

Сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старото девизно штедење заклучно со 29.02.2008 е следнава:

-Вкупната состојба на недостасаните структурни државни обврзници е 303,54 милиони ЕУР, од кои 114,93 милиони ЕУР се однесуваат на структурните државни обврзници за денационализација (шест емисии на државни обврзници за денационализација ), а 188,62 милиони ЕУР се однесуваат на структурните државни обврзници за старото девизно штедење. Вкупниот број на имателите на недостасани државни обврзници е 127067, од кои 6207 се иматели на обврзници за денационализација, а 120860 се иматели на обврзници за старото девизно штедење. Од вкупниот износ, 219,53 милиони ЕУР или 72,32 % се во сопственост на физички лица, а 84 милиони ЕУР или 27,68 % се во сопственост на правни лица. Од вкупниот износ кој е во сопственост на правните лица, 32,78 милиони ЕУР или 39,02 % се во сопственост на банките, 3.52 милиони ЕУР или 4,20 % се во сопственост на брокерските куќи, а останатите 47,70 милиони ЕУР или 56,79% се во сопственост на останатите правни лица.

Споредбено со месец декември, соодносот помеѓу физичките и правните лица во сопственичката структура на недостасани структурни државни хартии од вредност во февруари е незначително променет. Промени во сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници се забележува кај правните лица. Илустративно, во февруари процентуалното учество на банките во сопственичката структура кај правните лица изнесува 39.02%, додека истото во декември изнесуваше 43.34% што претставува намалување за 4.32 процентни поени. Процентуалното учество на брокерските куќи во истиот период остана непроменето,

односно истото изнесува 4.20%, додека процентуалното учество на останатите правни лица изнесува 56.79%, што претставува зголемување за 4.34 процентни поени во однос на декември, кога истото изнесуваше 52.45%.

### 1.4 ***<u>Одржување на седмиот состанок на Пазарен комитет</u>***

На 29.01.2008 година, во Министерството за финансии, се одржа седмиот состанок на Пазарниот комитет за развој на пазарот на државни хартии од вредност, на кој учествуваа претставници од Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, како и претставници од учесниците на пазарот на капитал, односно од комерцијалните банки, пензиските фондови, инвестиционите фондови, Македонската берза АД Скопје и др.

На состанокот најнапред беа презентирани редовни информации за развојот на пазарот на ДХВ во 2007 година, како и информации за спроведените промотивни активности на Министерството за финансии, односно за подготвениот Водич за инвеститорите во ДХВ.

Пазарниот комитет беше информиран и за проширувањето на неконкурентните понуди кои, покрај за физичките лица, би се воведе и за нефинансиските правни лица во Република Македонија, како поедноставен начин на аукција без одлука за износот на каматната стапка, а воедно беа презентирани и информации за либерализацијата на пазарот на ДХВ.

Како една од темите за која се отвори поголема дискусија меѓу присутните беше развојот на секундарниот пазар на државните хартии од вредност.

По дискусијата на изнесените теми беа донесени следните заклучоци:

- Да се формира работна група за развој на пазарот преку шалтер, со цел да се презентираат предлог заклучоци за развој и подобрување на тргувањето на пазарот преку шалтер, како и да се изготви анализа за сегашната состојба и проблемите со кои се соочуваат учесниците на пазарот. Работната група ќе биде координирана од Министерството за финансии, а во неа ќе учествуваат и претставници од Народна банка на Република Македонија, Стопанска банка АД Скопје, НЛБ Тутунска банка АД Скопје, Алфа банка АД Скопје, Уни банка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје и ИК банка АД Скопје.
- Да се одржи работен состанок за разгледување на сите отворени

прашања за регулативата поврзана со пазарот на репо операции, координиран од Секторот за финансиски систем, а на кој ќе бидат присутни и претставници од Секторот за управување со јавен долг, Народна банка на Република Македонија, НЛБ Тутунска банка АД Скопје и Илирика фунд менаџмент.

- На состанокот на Пазарниот комитет беше договорено сите отворени прашања и дилеми кои што ги имаат учесниците на примарниот и секундарниот пазар на ДХВ, да ги достават до Министерството за финансии, со цел истите да се разгледаат и да се изнајдат начини за нивно решавање.

## 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ јануари 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци |
| | DZ2008/01-91 | DZ2008/02-91 | DZ2008/01-182 | DO2008/01-364 |
| ISIN код | MKMINFDZ8015 | MKMINFDZ8023 | MKMINFDS8014 | MKMINFDY8016 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 |
| Дата на аукција | 08.01.2008 | 22.01.2008 | 08.01.2008 | 22.01.2008 |
| Дата на достасување | 09.04.2008 | 23.04.2008 | 09.07.2008 | 21.01.2009 |
| Максимална каматна стапка | 5,24 | 5,24 | 5,49 | 5,75 |
| Минимална каматна стапка | 4,71 | 4,71 | 4,99 | 5,49 |
| Просечна каматна стапка | 5,10 | 5,10 | 5,37 | 5,68 |
| Просечна цена | 98,7281 | 98,7273 | 97,3583 | 94,5714 |
| Понуда | 800.000.000 | 872.000.000 | 300.000.000 | 150.000.000 |
| Побарувачка | 1.140.000.000 | 1.191.000.000 | 314.420.000 | 72.000.000 |
| Реализација | 800.000.000 | 872.000.000 | 300.000.000 | 62.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 800.000.000 | 872.000.000 | 300.000.000 | 62.000.000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1,43 | 1,37 | 1,05 | 1,16 |
| Доставени понуди | 26 | 31 | 11 | 5 |
| Прифатени понуди | 20 | 26 | 10 | 4 |

| | Резултати од аукции на ДХВ февруари 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 2 години |
| | DZ2008/03-91 | DZ2008/04-91 | DZ2008/02-182 | DO2008/01-0210 |
| ISIN код | MKMINFDZ8031 | MKMINFDZ8049 | MKMINFDS8022 | MKMINF20G135 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 2 години |
| Дата на аукција | 05.02.2008 | 19.02.2008 | 05.02.2008 | 21.02.2008 |
| Дата на достасување | 07.05.2008 | 21.05.2008 | 06.08.2008 | 25.02.2010 |
| Максимална каматна стапка | 5,13 | 5,23 | 5,40 | / |
| Минимална каматна стапка | 4,71 | 4,71 | 4,99 | / |
| Просечна каматна стапка | 5,04 | 5,06 | 5,27 | / |
| Просечна цена | 98,7426 | 98,7380 | 97,4037 | / |
| Купонска каматна стапка | / | / | / | 6,2500 |
| Понуда | 622.000.000 | 672.000.000 | 200.000.000 | 300.000.000 |
| Побарувачка | 875.060.000 | 845.200.000 | 251.650.000 | 0 |
| Реализација | 622.000.000 | 672.000.000 | 191.650.000 | 0 |
| Реализација на конкурентни понуди | 622.000.000 | 672.000.000 | 191.650.000 | 0 |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1,41 | 1,26 | 1,31 | 0 |
| Доставени понуди | 28 | 31 | 9 | 0 |
| Прифатени понуди | 19 | 30 | 8 | 0 |

*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## Пондерирани каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




*Извор: Министерство за финансии*

## Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ јануари 2007 -февруари 2008




*Извор: Министерство за финансии*

## *Министерство за финансии на Република Македонија*
## *Сектор за управување со јавен долг*







*Извор: Министерство за финансии*







*Извор: Министерство за финансии*

## *Министерство за финансии на Република Македонија*
## *Сектор за управување со јавен долг*

### Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)




### Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

### Сопственичка структура на недостасани ДХВ, декември 2007




### Сопственичка структура на недостасани ДХВ, февруари 2008




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 31 декември 2007 | 29 февруари 2008 | 31 декември 2007 | 29 февруари 2008 | 31 декември 2007 | 29 февруари 2008 | 31 декември 2007 | 29 февруари 2008 |
| Просечно денови | 85,30 | 72,09 | 413,42 | 358,98 | 702,53 | 642,48 | 235,11 | 192,74 |
| Просечно години | 0,23 | 0,20 | 1,13 | 0,98 | 1,92 | 1,76 | 0,64 | 0,53 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Јануари 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 89,8 | 89,4 | 89,64 | 31.01.2008 | 140.499 | 7.721.407 | 125.842 | 8,48% |
| РМДЕН02 | 85,7 | 85,3 | 85,7 | 29.01.2008 | 236.487 | 12.347.964 | 201.777 | 8,18% |
| РМДЕН03 | 84,6 | 84,5 | 84,5 | 31.01.2008 | 90.553 | 4.696.999 | 76.567 | 7,65% |
| РМДЕН04 | 85 | 83,5 | 84,93 | 31.01.2008 | 100.648 | 5.189.656 | 84.571 | 7,18% |
| РМДЕН05 | 85 | 84 | 84,5 | 31.01.2008 | 158.378 | 8.227.133 | 134.145 | 6,25% |
| РМДЕН06 | 85 | 82 | 84,72 | 31.01.2008 | 134.576 | 6.977.942 | 113.737 | 5,51% |
| | | | | | | | | |
| Февруари 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
| РМ01 | 90,4 | 89,7 | 90,2 | 29.02.2008 | 226.911 | 12.523.146 | 204.210 | 8,14% |
| РМДЕН02 | 86 | 85,1 | 86 | 28.02.2008 | 39.629 | 2.079.500 | 33.884 | 8,09% |
| РМДЕН03 | 85,5 | 84,5 | 85,47 | 28.02.2008 | 49.690 | 2.593.681 | 42.326 | 7,38% |
| РМДЕН04 | 85 | 83,5 | 85 | 29.02.2008 | 188.054 | 9.652.727 | 157.460 | 6,86% |
| РМДЕН05 | 85 | 82,1 | 84,8 | 28.02.2008 | 120.224 | 6.177.895 | 100.738 | 6,37% |
| РМДЕН06 | 85 | 81,9 | 84,71 | 29.02.2008 | 107.000 | 5.528.515 | 90.183 | 5,80% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2007 И 2008**

| Странски инвеститори | Јан-07 | Фев-07 | Мар-07 | Апр-07 | Мај-07 | Јун-07 | Јул-07 | Авг-07 | Сеп-07 | Сеп-07 | Ное-07 | Дек-07 | Јан-08 | Фев-08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 11,15% | 11,05% | 10,73% | 11,14% | 10,33% | 10,30% | 10,22% | 10,22% | 10,32% | 8,72% | 8,58% | 8,40% | 8,39% | 8,38% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## Обем на тргување со структурни државни обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

## Принос до достасување на структурните државни обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *2.2.2 Пазар преку шалтер*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот април 2007 - февруари 2008




*Извор: НБРМ*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДО во периодот април 2007 - февруари 2008




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ПРВИОТ СЕМЕСТАР ВО 2008 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Јануари | *DZ2008/01-91* | 08/01/08 | 09/01/08 | 09/04/08 | 91 |
| | | *DZ2008/01-182* | 08/01/08 | 09/01/08 | 09/07/08 | 182 |
| | | *DZ2008/02-91* | 22/01/08 | 23/01/08 | 23/04/08 | 91 |
| | | *DZ2008/01-364* | 22/01/08 | 23/01/08 | 21/01/09 | 364 |
| | Февруари | *DZ2008/03-91* | 05/02/08 | 06/02/08 | 07/05/08 | 91 |
| | | *DZ2008/02-182* | 05/02/08 | 06/02/08 | 06/08/08 | 182 |
| | | *DZ2008/04-91* | 19/02/08 | 20/02/08 | 21/05/08 | 91 |
| | | *DO2008/01-0210* | 21/02/08 | 25/02/08 | 25/02/10 | 02 |
| | Март | *DZ2008/05-91* | 04/03/08 | 05/03/08 | 04/06/08 | 91 |
| | | *DZ2008/03-182* | 04/03/08 | 05/03/08 | 03/09/08 | 182 |
| | | *DZ2008/06-91* | 18/03/08 | 19/03/08 | 18/06/08 | 91 |
| | | *DZ2008/02-364* | 18/03/08 | 19/03/08 | 18/03/09 | 364 |
| | | *DO2008/02-0311* | 27/03/08 | 31/03/08 | 31/03/11 | 03 |
| II | Април | *DZ2008/07-91* | 08/04/08 | 09/04/08 | 09/07/08 | 91 |
| | | *DZ2008/04-182* | 08/04/08 | 09/04/08 | 08/10/08 | 182 |
| | | *DZ2008/08-91* | 22/04/08 | 23/04/08 | 23/07/08 | 91 |
| | | *DO2008/03-0510* | 30/04/08 | 05/05/08 | 05/05/10 | 02 |
| | Мај | *DZ2008/09-91* | 06/05/08 | 07/05/08 | 06/08/08 | 91 |
| | | *DZ2008/05-182* | 06/05/08 | 07/05/08 | 05/11/08 | 182 |
| | | *DZ2008/10-91* | 20/05/08 | 21/05/08 | 20/08/08 | 91 |
| | Јуни | *DZ2008/11-91* | 03/06/08 | 04/06/08 | 04/09/08 | 91 |
| | | *DZ2008/06-182* | 03/06/08 | 04/06/08 | 03/12/08 | 182 |
| | | *DZ2008/12-91* | 17/06/08 | 18/06/08 | 17/09/08 | 91 |
| | | *DZ2008/03-364* | 17/06/08 | 18/06/08 | 18/06/08 | 364 |
| | | *DO2008/04-0611* | 26/06/08 | 30/06/08 | 30/06/11 | 03 |

*Извор Министерство за финансии*

*Календарот за првиот семестар од 2008 година е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии) ****

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за државни записи) | | | | За различни износи | Варијабилниот процент се намалува од 0,14% до 0,10% ( мин 200 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје ( за државни обврзници) | | | | За различни износи | | Варијабилниот процент се намлува од 0,14% до 0,10% ( мин 500 ден.) | |
| 4 | Капитал банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 9 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 10 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 11 | Силекс банка АД Скопје | Градски sud, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 12 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 13 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 15 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 16 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 17 | Т.Џ Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

**** Македонска банка за подршка на развојот а.д. Скопје не работи со клиенти

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

# 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Државен советник | 02 3106 103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106 171 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Филип Гривчевски | Front Office | 02 3106 774 | Filip.Grivcevski@finance.gov.mk |